

# КУКУЂАВСКИ



БОРИС КУКУЊАВСКИ ...

... роден 1945 година во Куманово. Завршил П. А. - група ликовно воспитување во Скопје. Сликарство учел во класата на проф. Димитар Кондовски.

Освен со сликарството се занимавал и со карикатурата / излагал на многу изложби во земјата и странство /, со култура / изведени неколку спомен обележја / со монументално слкарство -мозаик / на неколку композиции како соработник /, како и со литература.

Член на ДЛУК од 1985 година и од тогаш учествувал на сите изложби на друштвото во Куманово, Битола Штип, Врање, Лесковац и на други места.

Учествовал во работа на сликарските колонии „Прохор Пчински" 1986 и 1987 година, како и на Власина 87 и со истите излагал во повеќе градови во земјата.

Студиски престојувал во Грција.

Добитник е на неколку награди за литература, педагошка работа, за карикатура, за илустрација /СБ НОВ за „И Бес и Бол"/, како и II-та награда на ДЛУК за сликарство 1987 година.

Вработен е како нтставник по ликовно воспитување во О. У. „Вук Караџиќ" — Куманово.

Живее и работи во Куманово, ул. Егејска Македонија бр. 12 / II 4 Тел. 0901; 23-163

КУКУЊАВСКИ е познат на нашата ликовна јавност, преставувајки се полни две децении со карикатурата, а последниве години и со сликарство што на оваа изложба исцело ни се претставува како сликар со дела работени во маслена техника.

Сликарството кое ни го презентира Кукуњавски само по себе се дели во две тематски определби и тоа: слики со содржина од подалечната историја и слики со содржина од секојдневието.

Независно од тематската определеност секоја од овие слики претставува колористичка хармонија со сопствена содржина и заедничка сродност што ја имаат, е искреното раскажување на авторот.

Композицијата наизглед е поедноставена, која бележи раздвиженост по вертикала, но нее исклучен и дијагоналниот распоред на фигурите и предметите со симболичко-метафорски односи меѓу оделни форми во смирен ритам, успевајки да ја постигне нагласената монументалност на општата структура во поголемиот дел од сликите.

Во неговите дела е присатна драматиката која е наметната од самата содржина на сликата во кои во основа преовладува „ВОИН СО НЕГОВИТЕ ПЛОДОВИ" тежејќи секогаш да постигне единствен однос кој ќе одјекнува низ сите времиња, се до времето во кое твори авторот. Иако авторот во повеќе случаи за своето творење се користи со историски извори, нетреба да го земеме за примарно бидејќи Кукуњавски има единствена намера да створи модерно дело што тоа се потврдува и во делата со содржина од секојдневието. Сите дела се одликуваат со растреперени, симболичко - реалистички композиции, во кои е присутна смирена патетика со збиен концепт во обликување на фигрите и предметите, кои како да израснуваат од тајанствениот понор во подсвеста и сонот на авторот, неизоставајки ја пораката која во себе носи емоција и осеќање на современиот човек.

Боите имаат симболична транспозиција во одредување на содржината и целта. Во поголем дел авторот користи топли бои, во прв план окерот, темнокафената, умбрата и акценти од цинобер и белата.

Преку организација на боите тој успешно ја нагласува поетичноста во целосното формирање на делото. Боите добиваат звучност и во исто време се поставени како фино градирани партии — површини,разрешени со тонско сликање од кое конечниот ефект е една општа хроматска усклаѓеност.

Ваквиот колористички приод авторот го има насочено подеднакво во сликите со тематиката од подлечната историја и кон оние мигови од секојдневните настани каде ги слика портретите на своите современиците, остнувајки доследен на својата творечка личност, користејќи се секогаш со вообичаените усталени сликарски изражајни средства.

Сликарство на Кукуњавски се карактеризира во оцртување на јасни и прецизни структурални форми, ритмично колористички споени, проткаени со лирски елементи, ускладени во својата прецизна визија која е АНТИЧКА и МОДЕРНА во истовреме, доследна на неговата уметничка концепција.

**ТАНЕ — ГАРСКИ**



## КАТАЛОГ НА ТРУДОВИ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Василевсот триумфира | (   ) | - масло - | / 171 x 109 / |
| 2. | Хектор и Пентесилеја | (1987) | - масло - | / 110 x 135 / |
| 3. | Хектор и Андромаха | (1987) | - масло - | / 0,77 x 0,95 / |
| 4. | Огновите на Олион | (1987) | - масло - | / 0,77 x 0,95 / |
| 5. | Источните ветришта I | (1986) | - масло - | / 0,75 x 0,90 / |
| 6. | Источните ветришта II | (1986) | - масло - | / 0,75 x 0,90 / |
| 7. | Создавање на семејството | (1987) | - масло - | / 0,73 x 0,90 / |
| 8. | Кон непознатото | (1987) | - масло - | / 0,73 x 0,90 / |
| 9. | Млади Амазонки | (1987) | - масло - | / 0,71 x 0,88 / |
| 10. | Мирмадони | (1987) | - масло - | / 0,71 x 0,88 / |
| 11. | Во слава на Димитар Кондовски | (1987) | - масло - | / 0,66 x 0,85 / |
| 12. | Во чест на Борко Лазески | (1987) | - масло - | / 0,66 x 0,85 / |
| 13. | Визија за Ристо Калчевски | (1987) | - масло - | / 0,62 x 0,81 / |
| 14. | Аб Генезис на Моцо Петровски | (1987) | - масло - | / 0,62 x 0,81 / |
| 15. | Тајната вечера на авторот | (1987) | - масло - | / 0,59 x 0,75 / |
| 16. | Тема за Ванчо Георгиевски | (1987) | - масло - | / 0,59 x 0,75 / |
| 17. | Дељан и Алусијаћ | (1985) | - масло - | / 0,60 x 0,80 / |
| 18. | Војтех и Саронит | (1985) | - масло - | / 0,60 x 0,80 / |
| 19. | Поклонение на Вионите | (   ) | - масло - | / 0,55 x 0,73 / |
| 20. | Синовите на Бореј I | (1987) | - масло - | / 0,57 x 0,71 / |
| 21. | Синовите на Бореј II | (1987) | - масло - | / 0,57 x 0,71 / |
| 22. | Кира Јолова | (1986) | - масло - | / 0,52 x 0,67 / |
| 23. | С и р м а | (1986) | - масло - | / 0,47 x 0,64 / |
| 24. | Надеж и Желба | (1985) | - масло - | / 0,47 x 0,61 / |
| 25. | Идол - Хермафродит | (1985) | - масло - | / 0,46 x 0,59 / |
| 26. | Идол - Даритeл | (1985) | - масло - | / 0,44 x 0,58 / |
| 27. | Исчекување на невремето | | - масло - | / 0,41 x 0,56 / |
| 28. | Причестие на воините | | - масло - | / 0,35 x 0,50 / |
| 29. | Идила на воините | | - масло - | / 0,35 x 0,50 / |
| 30. | Екстазиум | | - масло - | / 0,67 x 0,83 / |

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА = КУМАОВОНОВО 02-16-III- 1988.

---

Печатница „ГРАФОФЛЕКС" Прешево